# ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

1–3

СКОПЈЕ
2021

# ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија

Година LXVIII


Со указ на Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од декември 1978 година, Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија е одликуван со Орден на трудот со црвена ѕвезда.

Со указ на Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од ноември 1979 година, по повод дваесет и петгодишнината од излегувањето, а за особени заслуги и успеси постигнати во негувањето и развивањето на македонскиот јазик и литература, како и за значаен придонес за стручно издигнување на наставничкиот кадар, списанието „Литературен збор", орган на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на СР Македонија, е одликувано со Орден на трудот со златен венец.


Редакција: Лидија Тантуровска
(главен и одговорен уредник)
Јасмина Мојсиева-Гушева
Јасна Котеска
Гордана Алескова

Меѓународен редакциски совет на списанието „Литературен збор" (2021):

Јан Соколовски
Љупчо Коцарев
Абрахим Х. Кан
Вера Смоле
Ева Д. Баховец
Емине Инанир
Александар Јерков
Татјана Росиќ-Илиќ
Јеспер Гарсдал
Наташа Станковиќ-Шошо
Ивица Баковиќ
Станислав Станковиќ
Примож Репар



Финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија

ISSN 0024-4791

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

ЛИТЕРАТУРЕН ЗБОР

ГОД. LXVIII ............................................ СКОПЈЕ, 1–3 2021

## СОДРЖИНА

Предговор ........................................................................................................ 5

*ПОВОДИ*

*Вера Стојчевска-Антиќ*
РАЦИН И КОНЕСКИ
– ПОЕЗИЈА ШТО СПОЈУВА И ОБВРЗУВА ........................................7

**Трибина во КИЦ по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески (три текста)**

*Димитар Пандев*
БЛАЖЕ КОНЕСКИ ДЕНЕС ................................................................. 11

*Бојан Петревски*
АКТУАЛИЗАЦИЈАТА И
АВТОМАТИЗАЦИЈАТА КАЈ КОНЕСКИ ............................................17

*Бобан Карапејовски*
КОНЕСКИ И МИТОТ И КОНЕСКИ КАКО МИТ: ЗА
НАСЛЕДСТВОТО И НАШИОТ ОДНОС КОН НЕГО ........................ 23

*ЈАЗИК*

*Елка Јачева-Улчар*
ЗА НЕКОИ ОНИМИ ВО ЖИВОТОПИСОТ
НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ......................................................................... 29

*Бојан Петревски*
ПОСТВЕРБАЛНИТЕ НЕИНТЕГРИРАНИ КОНСТРУКЦИИ ВО „ДНЕВНИК ПО МНОГУ ГОДИНИ“ И ВО „ДНЕВНИК ОД НИШКА БАЊА“ ОД БЛАЖЕ КОНЕСКИ ....... 37

*Васил Дрвошанов*
НАЗИВИТЕ НА *ВИУЛИЦАТА* ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ... 47

*Марија Пандева*
МОДАЛНИОТ СПЕЦИФИКАТОР *НЕ СМЕЕ* ВО МАКЕДОНСКИТЕ КРИВИЧНИ ЗАКОНИЦИ .......... 57

*Христина Анѓелеска*
УПОТРЕБА НА ПАСИВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ КОЛУМНИ .......... 63

*ЛИТЕРАТУРА*

*Љупчо Коцарев*
МИТОСОТ И ЛОГОСОТ ВО ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ .......... 75

*Светлана Коробар*
ИДЕНТИТЕТСКИТЕ ОБЕЛЕЖЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД .......... 79

*Иван Антоновски*
ВОДАТА КАКО МИТОЛОГЕМА И ИНИЦИЈАЦИЈАТА ВО *ГОЛЕМАТА ВОДА* ОД ЖИВКО ЧИНГО .......... 95

*Виолета Јорданова*
СЕМАНТИКАТА ВО *НИЕ, ВРАПЧИЊАТА* ОД ЈОРДАН РАДИЧКОВ ..........105

*НАСТАВА*

*Благица Петковска*
МЕТОДИКАТА И ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА .......... 115

*Марија Атанасова*
МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА УЧЕЊЕ ..........123

*Дијана Игњевска-Стојаноска*
НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ...........135

*Жаклина Ѓорѓиоска, Лилјана Макаријоска*
КОН РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ТЕМАТА
*МОРФОЛОГИЈА* ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
(СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА МЕНЛИВИТЕ ЗБОРОВИ) ................145

*Елена Ончевска-Агер*
*ПЕДАГОГИЈА ЗА ЗАРОБЕНИТЕ:* ЗА ВАЖНОСТА НА ДЕЛОТО
НА ПАУЛО ФРЕИРЕ ЗА МЕТОДИКАТА НА НАСТАВА ..............159

*КОМУНИКАЦИИ*

*Ана Петреска*
РАСКАЗОТ И КУЛТУРАТА НА ГОВОРОТ ......................................167

*ПРИКАЗИ*

*Татјана Гочкова-Стојановска*
ПРИКАЗ НА КНИГАТА „ЛИНГВИСТИЧКИ СТУДИИ
ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК II: СОЦИОЛИНГВИСТИЧКИ
ТЕМИ – ЈАЗИКОТ И НОРМАТА“ ......................................................181

УДК 821.163.3.09Конески, Б..

**Бојан Петревски**

# АКТУАЛИЗАЦИЈАТА И АВТОМАТИЗАЦИЈАТА КАЈ КОНЕСКИ

(Трибина во КИЦ по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески)

Низ своите списи Конески цитира еден краток стих од Антун Бранко Шимиќ: „Поетите се чудење во светот." Тие на кои им се познати гледиштата на Конески го разбираат стихот онака како што го разбира и тој: *Поетите се исчудуваат пред некои димензии на светот*, а не *Поетите му предизвикуваат чудење на светот*. Второто толкување, кое би било на линија со дивинизацијата на поезијата, Конески не само што не е склон да го прифати туку и најотворено се искажува против него. Тој им припишува на поезијата и на јазикот на уметничката литература една, само на прв поглед, многу поскромна задача, на која ќе се осврнам понатаму.

Претходно, за да биде појасна генезата на неговите гледишта, ќе направам дигресија со една епизода од детството на Конески, која ја опишува во огледот *Одломки*. Во него евоцира едно свое чудење токму од поезијата, кога немал ни десет години и се соочил, како што вели, со својата прва сериозна лектира (избор на песни од извесен Стеван Бешевиќ). Од неа му се врежал само еден стих: „Несрећнога Едгар-Поа". За тоа искуство вели: „Сум го повторувал безброј пати тој стих и тој предизвикуваше во мене силно емоционално раздвижување. Тоа што не ги разбирав зборовите 'Едгар Поа' го засилуваше со магијата на заумност тоа воздејство што сигурно беше важно за моето вклучување во духот на поезијата. Интензитетот спласна тогаш кога дојде време да разберам кој бил и што претставувал Едгар По."

Не многу различно чудење во детството, бездруго, му предизвикало и непосредното доживување на народниот начин на пеење. Него го искусил благодарение на баба си Дунавка, која паметела многу народни песни и приказни.

Нејзиното кажување на народните песни, во согласност со „свечениот речитатив", различен од вообичаеното читање, го доживувал со возбуда, па трајно запаметил и некои константи на речитативот, кој го опишува во студијата *Јазикот на македонската народна поезија.*

За Конески ангажманите како поет и како лингвист не само што не си противречат туку и се дополнуваат, а врската меѓу нив ја обезбедува и архитектонскиот принцип, за кој пишува во истонасловениот есеј. Во статијата *За поезијата,* тој ѝ припишува на поезијата една изразито јазична задача, која, по углед на прашкиот структуралист Богуслав Хавранек, ја нарекува *актуализација на зборот.* Актуализацијата Конески ја разбира како освежување на исказот. Потребата од неа се наметнува затоа што и зборовите, синтагмите и речениците собираат прашина, според неговата фигуративна аналогија. За таа фигуративна прашина Конески зборува и во есејот *Очудување,* чиј наслов неологизам е негова адаптација на терминот *остранение* на рускиот формалист Виктор Шкловски. Според поимањето на Конески, очудувањето е отстапување на некој елемент на литературното дело од темите и конвенциите... и негово претставување од необична страна... како да е првпат виден. Како што дополнува, а што е од клучно значење во овој контекст, поимот се применува и во однос на други (стилистички и композициски постапки) што придонесуваат за нарушувањето на „автоматизмот" на перцепцијата.

Поимот *автоматизам* е клучен за разбирањето на актуализацијата и очудувањето, кои се, всушност, негови антоними. Под *автоматизација во јазикот* Конески го подразбира губењето на изразноста и свежината на исказите, како што вели тој, во секидневната комуникација, правејќи аналогија со старите монети, излижани од долго и често преминување од рака в рака. Во есејот *Еден опит,* тој ја илустрира автоматизацијата и со примери од секојдневни ситуации или, како што вели, од вонречевата дејност, па го посочува чувството на свежина при замената на стар со нов чаршаф на масата, како и разликата меѓу гасењето на струјата и палењето свеќи во свечени чинови и палењето свеќи при снемување на струјата.

Токму во контекст на актуализацијата и автоматизацијата, се наметнува и прашањето зошто Конески не зазема страна, и дури и останува сосема настрана, од конфронтацијата меѓу реалистите и модернистите во педесеттите години – но уште поедноставен е одговорот. Задачата на нашата литература во тој период била сосема инаква, а Конески ја објаснува како „проширување на националниот фон на една млада литература". Поподробно објаснување

може да се најде во неговата статија „За македонската литература", каде што тоа „проширување на националниот фон" е „постигање на споменатото чувство на полнота и податливост на јазичната материја, на она, би рекол, роење на уметнички облагородени звуци кои го привлекуваат слухот на творецот и му овозможуваат да се откине од јазичниот прав на делничноста." Со неколку збора: јасно е дека синтагмата *јазичен прав на делничноста* е синоним за автоматизација, а македонската книжевност тогаш требало да ги искористи и да ги доразвие потенцијалите за актуализација.

Во контекст на посочената полемика, Конески имал изградено гледиште уште кога се зафатил со поезијата, по што само го следел „тој тек, не водејќи сметка за дневните констелации." Тоа не значи дека не ги следел, туку дека: и поезија и проза пишувал онака како што знаел, а своето знаење го изѕидал, како што вели, преку поети и писатели што му биле особено драги, па затоа претегнувањата кон еден или кон друг табор и етикетите во таа полемика за него не значеле многу или, како што вели, дури и ништо. За тоа прашање се искажува и во „Разговори со Конески", каде што го посочува парадоксот што некои декларирани реалисти ги напишале своите најуспешни текстови на модернистички начин и, обратно, некои модернисти се покажале како најуспешни во реалистичната постапка.

Да се навратам на автоматизацијата, како чиј синоним Конески го употребува и терминот *клише*, кога во своите *Разговори* со Цане Андреевски вели: „Поезијата го ослободува говорот од клишињата". На современ план, клишето се разгледува, меѓу другото, во лингвистичките теории на општите места и на стереотипите. Според тоа, има смисла синтагмата на Конески – *ослободување на говорот од клишињата*, да се постави во контекст на тие теории. Според Жан Клод-Анскомбр, кој е творец на лингвистичката теорија на стереотипите, секој збор може да се опише преку стереотипните реченици во кои се содржи. Во тој контекст, поимот *стереотипна реченица* не содржи негативен вредносен суд (поедноставно речено: не кажува ништо лошо сам по себе), туку има аргументативна семантичка ориентација и се однесува на генеричните реченици преку кои може да се опише значењето на еден збор. Во таа смисла, се прави разлика меѓу примарно и секундарно стереотипни реченици. За примарно стереотипните реченици има широка согласност во говорниот колектив. На пример, ако му се пристапи аргументативно на зборот *поезија*, еден од неговите примарни стереотипи е *Поезијата се пишува во стихови*. За разлика од нив, секундарно стереотипните реченици се врзуваат за даден контекст и автор.

Ќе го илустрирам тоа со неколку искази на Конески, кои ќе фрлат светлина врз неговото поимање на зборот поезија.

**Во поглед на улогата на поезијата, ги изделувам следниве искази на Конески (од кои првиот веќе го посочив):**

„Поезијата врши актуализација на говорот, го ослободува говорот од клишињата."

„Но, кога говориме за обновување, за освежување на говорот и за улогата на поезијата, односно на литературата во таа смисла, треба да водиме сметка дека обновувањето не може да се врши само на планот на изразот или на јазичниот план во потесна смисла."

„Песната сведена само на конкретен податок не е ништо. Таа треба да носи некаква порака поетска. Некаква уметничка порака."

„Пораката треба да носи нешто ново, ако ја сметаме за поетска порака, ако е нешто самобитно."

„Дури и во рамките на самата поезија некои автори обновувањето го имаат сфатено во дваесеттиот век како обновување чисто на изразот без обновување на содржината. Се разбира, тоа не е никаква културно-творечка работа."

**Во поглед на статусот на поезијата, ги изделувам следниве искази на Конески:**

„Ми пречеше кога некои поети премногу зборуваа за поезијата и за себе како поети."

„Пишувајќи повеќе песни за зборот, за поезијата, воопшто не се истакнувам ни себеси, ниту другите поети над другите луѓе."

„Моето становиште беше, и сега всушност тоа не е променето, дека не треба да се дивинизира поетот."

„Во своите текстови за поезијата не одам кон некакво боготворење на поетот и поезијата."

**Во поглед на разбирливоста на поезијата, ги изделувам следниве искази на Конески:**

„Дури можам да кажам, што се однесува до поезијата, дека особено ме привлекуваа некои стихови, што тешко можев да ги разберам."

„Терминот *многузначност на песната* во некои модерни поетики, за жал, не е прецизен и води лесно до недоразбирање. Се создава привид како авторот да е ослободен од обврската да упати поетска порака."

„Барем по мое мислење, херметичката поезија во вистинска смисла, не поезијата што се дешифрира потешко,

ами таа што не може никој да ја дешифрира, нема код за нејзиното дешифрирање – таа поезија не е поезија.“

„Често пати како херметичка поезија се подразбира од некои и поезија со која самите тие не можат да комуницираат.“

**Во поглед на врската на поезијата со другите области, ги изделувам следниве искази на Конески:**

„Меѓутоа, некои мислат дека поезијата, интуитивното познавање, може да ја замени науката. Јас во тоа не верувам. Поезијата си има свој домен, науката си има свој домен. Тоа е моето уверување.“

„Поезијата не е блиска до филозофијата. Таа си е сепак автономна област.“

„Ако е присутна филозофска мисла во поезијата, таа е присутна затоа што неа како свое лично доживување ја носи субјектот што го создава поетскиот текст.“

**Во поглед на тоа што, условно, може да се нарече употребна вредност на поезијата, ги изделувам следниве искази на Конески:**

„Луѓето и читаат поезија често пати, ако говориме грубо за употребната вредност на поезијата, таа и се чита затоа – луѓето да видат дека не се само тие осамени, дека не се само тие навредени, не се само тие жртви на некои илузии.“

„Така го учев и акцентот и изговорот, оти поезијата помага да се откријат тие прозодиски елементи на јазикот и мене учењето на јазиците поради тоа ми беше интересно.“

„Јас доста навлегував во словенските јазици во почетокот, читајќи поезија.“

**Во поглед на рецепцијата и на перспективата на поезијата, ги изделувам следниве искази на Конески:**

„Дали во даден момент има криза во однос на рецепцијата на поезијата, дали публиката во даден момент повеќе или помалку се интересира за поезијата, тоа е едно прашање интересно, зашто, тие ситуации се менуваат.“

„Има една неправда. Вистински вљубеници на поезијата не се оние, на кои таа самата најмилостиво им се подава. Мнозина, ако не и повеќето од нив, можат без неа.“

**И најпосле, а многу актуелно во нашиот миг:**

„А од инакви, некои нови медиуми на комуницирање, поезијата нема што да се плаши, бидејќи основниот медиум на комуницирање секогаш бил и секогаш ќе биде зборот. А поезијата се базира на зборот. Таа е, значи, уметнички обработен збор.“